Програма за децентрализирана соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Македонија
Канцеларија на проектот во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Женевска бб, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 00 389 2 306 59 32
http://crbn-mk.courriers.info

Région Basse-Normandie

ALDA

Liberté • Égalité • Fraternité
République Française
Ministère des Affaires Étrangères et Européennes

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

http://crbn-mk.courriers.info/francais







мај 2011 • издание на македонски •

ИНФОРМАТОР



# Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија

Децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2006 година. Се работи за единствена соработка каде еден француски регион соработува со држава, Македонија. Во срцето на проектот е локалната власт имајќи ги како институционални партнери регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерство за локална самоуправа на Македонија. Оваа институционална соработка се состои од акциона програма спроведувана од страна на француски и македонски партнери. Првичната програма е замислена за три години (2007-2010 година), но таа продолжува и во наредните три години (2011-2013). Финансиски поддржан од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Франција.





## Активности и учесници

Проектот има за цел да ги анимира двете територии, Долна Нормандија и Македонија, преку шесте теми на соработката. Иако се работи за институционална соработка, активностите од проектот се групирани во 6 дела спроведувани од француско-македонски „тандем организации". Целта е да вклучат сè поголем број граѓани и организации на повеќе нивоа: државни иституции, здруженија на граѓани, професионални комори, медиуми итн., за да се одговори на потребите на двете територии. Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности.



## Соработка на општините: пат кон европско граѓанство

Најзначаен резултат од претходните години на проектот се договорите за соработка меѓу општини од Македонија и Долна Нормандија. Директната соработка на локалните власти дава можности за средби на граѓаните од Франција и Македонија со цел да се зајакне чувството за европски идентитет и граѓанство.



© Emmanuel Luce

## Цели

Оваа соработка е резултат на заеднички напори на Македонија и на Долна Нормандија да ги отворат нивните територии кон светот и да ги поттикнат нивното население во активно граѓанство на локално и Европско ниво преку реципроцитет и размена. Проектот има за цел да го да го придружува процесот за влез во Европска Унија и спроведувањето на европското право. Програмата цели кон зајакнување на доброто локалното владеење во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на локалното население, како и кон разменување на добри практики и искуства. Главните цели на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да го поттикнат учеството на граѓаните и да помогнат во остварување на одржлив развој.



# ШЕСТ ОСКИ НА СОРАБОТКА

## 1 Дигитални технологии и медиуми

Обука и употреба на нови технологии за подобро локално владеење

- Регионален совет на Долна Нормандија - Долна Нормандија
- Метаморфозис - Македонија

## 2 Млади, локално и европско граѓанство

Развој на локални младински политики

- Европска куќа од Каен - Долна Нормандија
- Коалиција на младински организации СЕГА - Македонија

## 3 Попис на културно наследство

Методологија за попис на културно наследство

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори - Франција
- Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство - Македонија

## 4 Културни политики

Зајакнување на капацитетите на локалните власти во областа на културата

- Регионален центар за култура, етнологија и техника (CRéCET)- Долна Нормандија
- Локомотива - Македонија

## 5 Културно наследство и одржлив туризам

Поддршка и промоција на одржливиот туризам

- Умешност и познавање (Savoir-Faire et Découvertes) - Долна Нормандија
- Центар за институционален развој (ЦИРа) - Македонија

## 6 Развој на земјоделството

Зајакнување на мрежата на фармери за развој на одржливо земјоделство

- Француски земјоделци за меѓународен развој (AFDI) - Долна Нормандија
- Федерација на фармери на Република Македонија - Македонија

Интервју со неговата екселенција амбасадорот на Франција во Македонија, г-дин Шлумберже

# "Македонија, гостопримлива и живописна земја, не може да остави рамнодушен ниту еден Французин"

**Кои се приоритетите на француската билатерална соработка во Македонија?**

Во Македонија, Франција вложува пред сè во полињата за поддршка на правната држава, судот, доброто владеење и обука на функционерите. Програмата за висока административна обука (ФАСП – FASP) цели кон зајакнување на капацитетите на македонската администрација, во партнерство со Секретаријатот за европски прашања во Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација.

Постои и друга програма која го поврзува Министерството за труд и социјална политика на Македонија со својот француски пандан и во суштина е составена од мерки за поддршка согласно европските директиви во полето на здравството и заштита на работа. За идната година 2011-2012 е предвидено зголемување на вработеноста со развојот на надлежностите на агенцијата на вработување на Македонија.

Во доменот на внатрешната безбедност, Франција исто така развива постојана техничка соработка на високо ниво во корист на сите сектори на полицијата со цел да се бори против сите форми на локален и транснационален криминал. Основни полиња на дејствување се трговијата со луѓе, заштитата на малолетни лица, трговијата со дрога, компјутерскиот криминал, насилните кривични дела, одржување на ред и техники на интервенција.

Сите овие активности, секако се спроведуваат во тесна врска со нашите билатерални и мултилатерални македонски партнери, во правец на европска интеграција на Македонија.



Неговата екселенција, г-дин Жан-Клод Жлумберже

**Што мислите за програмата за децентрализирана соработка меѓу Македонија и Долна Нормандија?**

Соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија, според мене, но и според многу други, е извонредна, пред сè благодарение на способноста на вклучените партнери и разновидноста на темите на соработка.

Оваа соработка се стреми кон зајакнување на капацитетите на локалните актери, придонесува во процесот на децентрализација и претставува влог од суштинско значење за Македонија.

Зголемувањето на збратимени општини од Долна Нормандија и Македонија овозможува да се формираат јадра на трајни врски помеѓу двете територии и уште повеќе ја зајакнуваат соработката.

Сепак, оваа програма на Франција и овозможува подобар визибилитет во Македонија преку големиот број на размени и настани кои се случуваат, вклучувајќи го и овој информатор чија иницијатива ја поздравувам.

**Како Вие гледате на Македонија? Кои се допирните точки помеѓу двете земји и Вашите лични впечатоци?**

Македонија е гостопримлива и живописна земја, и не може да остави рамнодушен ниту еден Французин. Ако зборуваме за заедничките точки кои ги зближуваат нашите две земји, една од нив е секако желбата да се зачува уметноста на начинот на живеење, почнувајќи од гастрономијата и виното сè до поезијата.

Но, она што особено ме остава без здив, без оглед на малата површина на Македонија, се богатството и изобилството на природни, човечки и културни убавини. За мене таа претставува архетип на земја со голем туристички потенцијал доколку би знаела да ја одржи потребната рамнотежа меѓу развојот и заштитата на своето културно наследство.

На нас останува да продолжиме да ја придружуваме на тој пат!

Датум: **13 мај 2011**
Место: **Каен, Долна Нормандија**

# Анализирана четвртата година од програмата за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија со француските партнери во Каен

На 13 мај 2011 година во просториите на Регионалниот совет на Долна Нормандија, во Каен, се одржа средишниот управен одбор на француските партнери од децентрализираната соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија.

Состанокот го отвори раководителката на службата на Регионалниот совет на Долна Нормандија, г-ѓа Сабин Гише-Лебаи, зборувајќи за значењето на соработката за регионот, но и за развојот на Македонија. Тука беше споменат и економскиот развој како иден предизвик за соработката, домен кој сè уште не е доволно обработен, но е многу важен за иднината на соработката. Со таа цел, техничка екипа од Долна Нормандија ќе го посети Охрид во јули за да ја разгледа туристичката понуда на Македонија.

Раководителката на службата на Регионалниот совет на Долна Нормандија, г-ца надеж Леклуз, го отвори средишниот одбор зборувајќи за големото значење на оваа програма за Долна Нормандија, но и за развојот на Македонија. Следниот предизвик за соработката ќе биде економскиот развој на двете територии, домен кој сè уште не е доволно обработен, но е од суштинско значење.

Како и на управниот одбор за македонските партнери, одржан во Прилеп во април, така и на овој во Каен француските партнери имаа можност да ги разменат своите искуства од досегашните активности и да ги објават идните. Учесниците разговараа и за финансиската и административна состојба на проектот, презентирана од страна на АЛДА.

Генералниот координатор на програмата г-ѓа Билјана Зашова ја презентираше актуелната политичка ситуација во Македонија со осврт на јунските парламентарни избори, односно за нивниот одек во соработката. Заедно со г-ца Катица Јанева, асистентот на програмата, ја презентираа финансиската и административната состојба на децентрализираната соработка.



Присутните имаа можност да ја разгледаат и новата стратегија за комуникација изработена од канцеларијата во Скопје, проследена со предлози и сугестии од страна на партнерите. Нивните идеи ќе бидат имплементирани во новата интернет страница на соработката која е во процес на изработка.

По секоја од обработените теми на овој средишен одбор следеа дискусии и реакции од страна на присутните за подобрување на четвртата година од соработката. Анализирајќи ги новите можности, предлозите и мерките за поддршка, овој средишен одбор резултираше со интересни и иновативни идеи кои ќе ја подобрат соработката во иднина. Средишниот управен одбор претставува одлична поддршка и најава за заедничкиот управен одбор, предвиден за септември во Македонија.

ОСКА 2

Датум : **11 мај 2011**
Места : **Долна Нормандија (Еровил Сен Клер); Македонија (Охрид, Прилеп и Штип)**

## Средба преку видеоконференција – Форум „Волонтерство и мобилност на младите во Европа"

Во рамките на Европската година на волонтерството, по повод денот на Европа, Европската куќа од Каен, Долна Нормандија и градот Еровил-Сен-Клер се поврзаа со други партнери и понудија интерактивен ден наменет на младите од 14 до 25 години од околината на Каен. Основна цел на овој настан, на кој учествуваа околу 400 луѓе беше да се поттикне интересот и да се олесни разбирањето на уредите за мобилност и волонтерство во Европа.

На големиот број работилници, младите ги споделија своите искуства на темите за интер-културната мобилност и активно граѓанство и учеството на проекти со европска димензија. Учеството се зголеми особено за времето на видеоконференцијата со Македонија, односно со градовите: Прилеп, Охрид и Штип.



Работилница во Еровил



Младите во Охрид

Размената на информации, но и на фотографии и филмови беше олеснета преку напорите на македонските ученици да зборуваат на француски јазик. Тие ја имаа поддршката од своите професори и од аниматорите на овој настан во Македонија, Коалицијата на младински организации СЕГА.

Овој вид на средба кај младите ги прошири знаењата за обработените теми и го покажа личното збогатување кое произлегува од учеството во доброволна активност и вреднувањето на волонтерството.

ОСКА 1

Датум : **07, 08 јуни 2011**
Место : **Каен, Долна Нормандија**

## Дебата на тема „Сајбер-простор и човекови права" во Каен

Во организација на француски и балкански експерти, на 8 јуни 2011 година, во просториите на Регионалниот совет на Долна Нормандија, ќе се одржи семинар на тема „Дигитални алатки – можност за зајакнување на човековите права или закана за истите?".




Учесниците ќе имаат можност да дознаат повеќе, но и да дискутираат за составниот дел на нашето секојдневие – интернетот. Според Уставниот совет, пристапот на интернет се смета за основно човеково право кое овозможува слободно изразување, мисли и идеи. Поттикнати од прашањето за тоа колку дигиталните алатки помагаат, односно одмагаат во секојдневието, експертите ќе ја анализираат својата работа, ќе учествуваат на тркалезни маси и ќе се обидат да го измерат влијанието на дигиталните алатки врз човековите права и демократските практики.

Овој настан е организиран од страна на: регионот Долна Нормандија, Интернационалниот институт за мир и човекови права (Каен, Франција), АЛДА и асоцијацијата Метаморфозис (Скопје, Македонија) во рамките на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија и мрежата Франција-Балкан.

## ОСКА 2

Датум : **14 и 15 јуни 2011**
Место : **Прилеп**

# Во Прилеп ќе се анализираат “Нови предизвици во младинското информирање”

Македонски и француски експерти ќе бидат домаќини на дво-дневна конференција на 14ти и 15ти јуни 2011 година во Прилеп. Организаторите и учесниците ќе дискутираат за методологијата, очекувањата и практиките во младинското информирање и политика, како и за состојбата и примената на истите на локално ниво. Целта на оваа конференција е да се презентира моделот и потребата на младинското информирање, размена на искуства за функционирањето на Младинските информативни центри во Европа и во Македонија.

Работилниците ќе ги промовираат младинското учество во информативните центри, нивното отворање и функционирање. Конференцијата ќе заврши со потпишување на декларација каде што учесниците ќе се обврзат да го дадат својот максимум во отворањето на нови Младински Информативни центри во поголемите општини во Македонија.

Конференцијата е организирана од СЕГА (Коалиција на младински организации) од Македонија, Европската куќа од Каен, со учество на Младинскиот информативен центар „Киоск“ од Сен Ло, од регионот Долна Нормандија.

## ОСКА 3

Датум : **25 јуни - 02 јули 2011**
Места : **Велес, Куманово, Берово, Штип, Кратово**

# Подготовка на детални урбанистички планови со заштитени зони во македонските општини




Во рамките на Оската 3 посветена на заштита на архитектонското наследство, активностите на Проектот за децентрализирана соработка Македонија-Долна Нормандија продолжуваат во јуни годинава. Во тој период во Македонија ќе пристигне делегација на Националната француска асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори.

Во периодот од 25 јуни до 2-ри јули, делегацијата на Националната асоцијација на градови и региони со историја и уметност и заштитени зони, предводена од директорката Марилиз Ортиз заедно со Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство ќе работи на подготовка на детални урбанистички планови со заштитени зони во општините Велес, Куманово, Берово, Штип и Кратово.

Француските експерти ќе ги разгледаат состојбите со заштитата на архитектонското наследство директно во самите општини каде што со урбанистите ќе работат на утврдување на приоритетите. Првите детални урбанистички планови со заштитени зони ќе создадат услови за заштита на архитектонското наследство на локално ниво. Во оваа етапа на проектот се планирани и средби на француските експерти со претставници на надлежни институции и министерства. Најавените активности преставуваат реализација на плановите за работа на локално ниво, договорени на почетните работни средби и конференцијата што во февруари годинава се одржа во Велес.

**ОСКА 4**

Датум : 27 јуни - 01 јули 2011
Место : Долна Нормандија

# Францускиот модел за територијални проценки ќе се применува во Пелагонија

Во периодот од 27ми јуни до 01јули ќе се организира работна посета во Долна Нормандија на која ќе учествуваат македонски претставници од регионот Пелагонија, предводени од „Локомотива" и нивните француските партнери „CRèCET", со помош на областа на земјите од заливот Мон Сен Мишел.

Учесниците ќе разговараат за можна примена на студија за територијални проценки во регионот Пелагонија, претходно реализирана во заливот на Мон Сен Мишел. Сен Мишел и пелагонискиот регион имаат повеќе географски и демографски сличности.

Според моделот применет во Битола, партнерите ќе отворат дијалог меѓу повеќе културни оператори од областа на земјите од заливот Мон Сен Мишел. Предводена од експертот, дел од битолската група ќе ја презентира работата и остварените резултати од својата методологија, а воедно ќе се разменат и искуства со официјалните службеници од Долна Нормандија.




**ОСКА 6**

Датум : 10-12 јуни 2011
Места : Македонија и Косово

# Размена на искуства преку работни посети во Македонија и Косово



Размената на искуства преку работните посети продолжува и во јули за ФФРМ и АФДИ.

Како дел од нивната соработка македонската делегација ќе оствари работна посета кај организацијата ИАДК (Иницијатива за развој на земјоделството на Косово) во Косово. Оваа размена меѓу македонските и косовските партнери ќе допринесе за продлабочување на соработка меѓу ФФРМ и ИАДК пред сè поради фактот што косовската организација е партнер со кој АФДИ соработува на Косово.

Француската делегација потоа ќе ја посети Македонија во десетдневна работна мисија. Покрај стандардната посета на четирите пилот групи во Тетово, Гостивар, Ресен и Берово, делегацијата ќе ги посети млекарите и фармерите во Југозападна Македонија, меѓу кои и Прилеп и Битола. Тие посети ќе помогнат да се увиди капацитетот на македонските фармери и преработувачкиот сектор задолжен за квалитетот на млекото.

Екипата ќе посети и неколку функционални кооперативи со цел да се одреди степенот на развиеност на кооперативното здружување во Македонија.

Оваа мисија ќе претставува главен фактор при изборот на тема за работа во претстојните две години од проектот, односно при насочувањето на активностите помеѓу двата партнери.

Како дел од соработката веќе се реализирани две обуки со стручни лица на теми кои ги бараат самите фармери, а во рамките на овој проект и тоа во с. Пршовце, Тетовско кај групата млекопроизводители.